РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2599/2

16-10-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23 - та седница одржана на ден 13.10.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предмет број 12-2599/1 од 01.10.2025 година, со сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за Локални избори 2025 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај поради тоа што пријавените наводи не упатуваат на повреда на член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и на член 8-а и член 8-б Изборниот Законик.

Предметот со број 12-2599/1 од 01.10.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 01.10.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за Локални избори 2025 година и оформен е предмет број -2599/1 од 01.10.2025 година.

Во пријавата, изнесени се наводи против Министерството за --------- поради јавна објава за промовирање на доделување на лиценци за вештаци во текот на изборниот процес, кое се одржало во --------- ---------- на 3, 4 и 5 септември 2025 година, што според подносителот било спротивно на Законот за вештачење, согласно кој ваквата активност не била предвидена да биде јавна туку истата претставува дел од редовното работење и надлежности на Министерството.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut

Имајќи ги предвид наводите од пријавата, ДКСК оцени дека истите не упатуваат на повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик, односно во конкретниот случај не е постапено спртотивно на забраните утврдени во член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а и член 8-б од Изборниот законик.

Врз основа на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател

м-р Цвета Ристовска

Изготвил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК